# ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ОД ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА ПРВИОТ БРОЈ НА СПИСАНИЕТО ИСТОРИЈА (1965-1995)

Изминаа три децении од излегувањето на првиот број на списанието “Историја” - органот на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија. Доволно долг период за да се осврнеме на она какво беше, какво е и какво треба да биде нашето списание и со какви предизвици и проблеми се соочува.

Во далечната 1964 година, на годишното собрание на Сојузот на друштвата на историчарите на Македонија, коешто се одржа на 22 и 23 ноември во Битола, беше прифатена иницијативата за издавање едно научно и стручно списание на историчарите.

Во наредната 1965 година, членовите на првата редакција: проф. д-р Христо Андонов-Полјански, д-р Иван Катарџиев, проф. д-р Војо Кушевски, проф. Славка Фиданова и Трпко Панговски, успешно ја реализираа својата задача, ги подготвија и издадоа првиот број на списанието Историја. И еве, ова наше списание, три децении опстојува и придонесува успешно да се презентираат на научната и пошироката јавност како достигнувањата во историската наука, така и најактуелните прашања на наставата по историја. Заедно со Гласникот на Институтот за национална историја (којшто почна да излегува осум години пред Историја), списанието Историја се нареди во редот на оние научни и стручни списанија во нашата држава, кои имаат големо значење за афирмирање пред сè на нашата национална историја, но, и на македонскиот јазик и култура, во земјата и во странство.

Во уредувањето и редактирањето на Историја, во изминатиот триесетгодишен период учествувале, како главни и одговорни уредници, повеќе наши познати професори и научни работници: д-р Христо Андонов-Полјански, д-р Војо Кушевски, д-р Александар Апостолов, д-р Бранко Панов, д-р Христо Меловски, д-р Михајло Миновски, а во досегашните 15 редакциски одбори, се наоѓале повеќе од 30 исто така наши познати историчари, меѓу кои и: академик Љубен Лапе, проф. Томо Томоски, д-р Александар Матковски, д-р Григор Тодоровски, д-р Орде Ивановски, д-р Крсте Битоски, д-р Миле Тодоровски, д-р Владо Иваноски, д-р Диме Димески, д-р Вера Весковиќ-Вангели, Наум Димовски, д-р Владо Поповски, д-р Ратислав Терзиоски, д-р Миле Михајлов, Георги Димов-Цолев, Нијази Хаџи Амза, д-р Ристо Кирјзовски и други. Нека ни биде простено што не сме во можност да ги наброиме сите досегашни членови на редакциите.

Во изминатите 30-тина години излегоа вкупно 51 број, од нив 42 поединечни броеви, односно два броја годишно, 6 двоброја и 3 четвороброја.

На страниците на списанието Историја, во споменатиот временски период, се објавени над 700 статии - прилози и материјали од политичката, економската и културната историја, над 200 прилози за наставата по историја, околу 300 прикази и критики, повеќе од 250 осврти и хроники, над 70 библиографии и околу 50 други прилози и белешки.

Тоа не го истакнуваме со цел да го покажеме само квантитетот, бидејќи тој секогаш не мора да биде потврда за соодветен квалитет, туку и да укажеме на фактот дека овие статии и прилози произлегле од перото на голем број наши и

странски научни и стручни работници. Колку за информацоја, би додале дека во еден број на списанието Историја се јавуваат од 15 до 40 и повеќе автори - историчари, историчари на уметноста, археолози, правници, педагози, социјолози, философи и други, а меѓу нив е голем и бројот млади соработници.

На страниците на ова научно и стручно списание, не само што се објавуваа резултатите од научноистражувачката работа на научните работници и педагошки и материјално-дидактички прилози на наставата по историја, туку се следеа и резултатите на нашата историографија, се информираа наставниците по историја и поширокaта јавност со одржаните научни собири, со бројни новиизлезени монографии, зборници, списанија и други трудови, преку објавените библиографии, осврти, критики, хроники и др. Ваквата разновидна содржина на прилозите им помагаше и многу им помага на наставниците и професорите по историја да се дообразоваат, перманентно да ги збогатуваат и прошируваат своите знаења и да ги применуваат во образовно-воспитниот процес.

И покрај присутните идеолошки рамки и самоцензурата на авторите до почетокот на 90-те години, списанието беше отворено за објавување и на различни и спротивставени научни видувања и оценки на одделни настани, процеси, личности и сл., при што се развиле и полемики на неговите страници.

Списанието Историја и понатаму ќе опстојува во неговата ориентација да биде гласило на сите историчари во Република Македонија и на неговите страници да се објавуваат нови научни сознанија и педагошко методски прилози, кои ќе придонесуваат за што пообјективно сознавање на минатото и на сите придобивки за сегашноста, во контекст на демократските граѓански сфаќања и политичкиот плурализам во општеството. Редакцијата ќе настојува да ги пренесува и искуствата од наставата по историја од другите држави, преку комисиите и другите тела за наставата по историја при Советот на Европа.

Благодарение на посебното ангажирање на редакциите и на раководствата на Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија и на сѐстраната помош на општеството, списанието можеше редовно да излегува до крајот на 80-те години. Меѓутоа, промените кои се случија, во периодот на осамостојувањето на Република Македонија, во општествено-политичкиот живот, се одрзија и во научно стручните друштва и организации. Во тој период Сојузот, извесен период не можеше да се снајде во тој процес и од субјективни причини. Сепак, Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, направи напори да го одржи континуитетот на списанието Историја. Во времето додека Сојузот се престројуваше, Институтот за историја (Катедрата за историја) при Филозофскиот факултет во Скопје се јави како издавач на двобројот за 1992 година. Потоа, тешкотиите беа надминати и во текот на 1996 година, списанието продолжи да излегува повторно, како орган на Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија. Сегашната редакција, која започна со својата работа по собранието, одржано во Радовиш, во почетокот на јуни 1996 година, успеа до денес, т.е. за една и пол година, да издаде три броја и тоа: двобројот за 1993, двобројот за 1994 и четворобројот за 1995/96 година, со што веќе ја премости големата временска разлика од 1992 година до 1997 година. Во тек е подготвувањето на двобројот за 1997 година, кој треба да излезе во првите месеци на 1998 година.

Редакцијата и претседателството вложуваат напори да се надминат и проблемите, околу финансирањето на нашето списание. До сега, за излезените два двоброја и еден четвоброј, беа обезбедени средства од Министерството за наука,

еднократна помош за едниот двоброј од Институтот Отворено општество и од добиените средства од дистрибуираните броеви од двобројот за 1993 година. И покрај усните и писмените молби и интервенции во Министерството за образование и физичка култура, не сме добиле финансиска помош. Сојузот и редакцијата се надеваат дека Министерството за наука и понатаму ќе го помага, како и досега, излегувањето на нашето списание, за коешто ние сме му многу благодарни. Очекуваме дека и ветувањето од страна на Министерството за образование и физичка култура за соодветната материјална помош ќе се оствари, со оглед на тоа што, списанието Историја, континуирано од првиот до последниот број, ја има рубриката Настава, во која се третираат разновидни прашања и проблеми од наставата по историја.

Даринка ПЕТРЕСКА